**20252334450**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 11 став (6) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20 и 74/25), министерот за економија и труд, во согласност со министерот надлежен за работите од областа на здравството, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИЗЈАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ, НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА, КАКО И ПОДАТОЦИТЕ ВРЗ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗАСНОВА ПРОЦЕНАТА НА РИЗИКОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот при работа.

Член 2

Изразите употребени во овој правилник, го имаат следново значење:

- „Опасноста која е присутна при работа? е околност или состојба која може да го загрози или оштети здравјето на вработениот.
- „Штетности на работа? се штетните фактори во работна околина кои со своите карактеристики и својства можат да предизвикаат негативни ефекти врз здравјето на изложените работници.
- „Проценка на ризик” е систематско евидентирање и проценување на сите фактори на работниот процес, со цел да се утврдат можните видови на опасности и штетности на работното место и работната средина кои можат да предизвикаат оштетување на здравјето, повреди на работа, професионални болести и болести во врска со работата.

Член 3

Изготвувањето на изјавата за безбедност се врши по донесена одлука од страна на работодавачот за изготвување на проценка на ризик со одредување на едно или повеќе стручни лица од редот на вработените кои ја изготвуваат проценката на ризикот.

Во изготвувањето на проценката на ризикот учествуваат стручното лице за безбедност при работа на овластеното правно или физичко лице и специјалист по медицина на трудот од овластена здравствена установа.

Во изготвување на проценката на ризикот, покрај лицата од ставот 2 на овој член, можат да се вклучат и лица кои имаат соодветна стручност и знаење потребно за вршење на проценката на ризикот.

Член 4

Изјавата за безбедност на работодавачот, треба да содржи особено:

- датум на издавање на изјавата;
- податоци на лицата кои учествувале при изработка на изјавата за безбедност со проценка на ризикот;
- податоци за претходни прегледи и испитувања на средствата за работа;
- податоци за работните места, организациските единици на работодавачот и бројот на вработени;
- проценка на ризикот и
- податоци за стручните лица за безбедност при работа и за овластената здравствена установа.

Изјавата од став 1 на овој член, треба да биде изготвена во писмена форма, која може лесно да се претстави во облик на дијаграм, симболи, скици или нацрти.

Член 5

Проценката на ризикот од член 4 став 1 алинеја 5 од овој правилник, опфаќа:

- општи податоци за работодавачот;
- назив на работното место и бројот на извршители на кои се однесува проценката на ризикот;
- опис на технолошкиот процес и работниот процес, опис на средствата за работа и опис на средствата и опремата за лична заштита при работа;
- опис на организацијата на работа (внатрешна организација на работата и систематизација на работните места за обавување работи од дејноста на работодавачот);
- препознавање и утврдување на опасности и штетности на работното место и работната средина;
- нивото на ризикот;
- утврдување на начинот и мерките за отстранување, намалување или спречување на ризикот и
- заклучок.

Член 6

Проценката на ризикот од член 4 став 1 алинеја 5 од овој правилник, се заснова на следните податоци:

- опфатот на проценка на ризикот (работно место, работна средина, организациона единица и сл.);
- бројот на вработените на опфатот за кое се утврдува проценката на ризикот, според пол, возраст, работен стаж и
- опис на технолошките постапки на сите работни единици, вклучувајќи го и внатрешниот транспорт и одржување.

Член 7

Препознавање и утврдување на опасностите и штетностите на работното место и работната средина од член 5 алинеја 5 од овој правилник, се врши врз основа на податоците добиени од документацијата со која располага работодавачот, со набљудување и следење на работниот процес на работното место, со добивање на информации од вработените и од други извори, со дефинирање на можните опасности и штетности на кои укажуваат тие податоци.

При утврдување на опасностите и штетностите на работното место и работната средина се поаѓа од важечки стручни наоди за извршените прегледи и испитувања на средствата за работа, извршените испитувања на условите на работната средина, извештаи за извршените превентивни медицински прегледи на вработените, податоци за повреди на работа, професионални болести и болести во врска со работата, инспекциските наоди од извршените надзори, упатства за безбедна работа, пропишана документација за употреба и одржување, односно пакување, транспорт, користење, складирање, уништување и слично.

Член 8

Опасностите и штетностите можат да бидат препознаени според нивната природа како:

1. Механички опасности, кои се јавуваат со користење односно употреба на опремата за работа:

- недоволна безбедност поради вртливи или подвижни делови;
- слободно движење на деловите или материјалите кои можат да нанесат повреда на вработениот;
- внатрешен транспорт и движење на работни машини или возила, како и поместување на одредена опрема за работа;
- користење на опасни средства за работа кои можат да предизвикаат експлозии или пожар;
- неможност или ограниченост за навремено преместување од работното место, изложеност на затворање, механички удар, поклопување и слично и
- други фактори кои може да се појават како механички извори на опасности.

2. Опасности кои се јавуваат во врска со карактеристиките на работното место, како што се:

- опасни површини (подови, површини за газење, или површини со кои вработените доаѓаат во контакт, а имаат остри рабови, шилци, испакнати делови и слично);
- работа на височина или длабочина, согласно прописи за безбедност и здравје при работа;
- работа во тесен, ограничен или опасен простор (помеѓу два или повеќе фиксирани делови, помеѓу подвижни делови или возила, работа во затворен простор кој е недоволно осветлен или проветрен и слично);
- можност за лизгање или сопнување (влажни или лизгави површини);
- физичка нестабилност на работното место;
- можни последици или пречки поради задолжителната употреба на средствата или опремата за лична заштита при работа;
- влијанија поради обавување на работниот процес со примена на несоодветни или неприлагодени методи на работа и
- други опасности кои може да се јават во врска со карактеристиките на работното место и начинот на работа.

3. Опасности кои се јавуваат со користење на електрична енергија како што се:

- опасност од директен допир со делови на електрична инсталација и опрема под напон;
- опасност од индиректен допир со делови на електрична инсталација и опрема под напон;
- опасност од топлотното дејство кое го создаваат електрична опрема и инсталациите (прегрејување, пожар, експлозија, електричен лак или искрење и слично);
- опасности од удар на гром и последици од атмосферско празнење;
- опасност од штетното влијание на електростатичен електрицитет и
- други опасности кои можат да се појават во врска со користењето на електричната енергија.

4. Штетности кои настануваат или се јавуваат во текот на работниот процес, како што се:

а) хемиски штетности:

- прашина, течности, гасови и чад (вдишување, гушење, навлегување во телото преку кожата, изгореници, труење и слично);
- присутност на лесно нагризувачки материи;
- реактивни / непостојани материи;

б) физички штетности:

- бучава и механички вибрации;
- зголемен или намален атмосферски притисок;
- штетни влијанија на зрачења (јонизирачко зрачење, нејонизирачко зрачење, топлинско зрачење);
- штетни влијанија на микроклиматските фактори (висока температура, ниска температура, влажност, брзина на струење на воздухот);
- несоодветна/недоволна осветленост;
- штетни атмосферски влијанија (работа на отворено);
- работа во близина на вода или под површината на водата и
- употреба на запаливи и експлозивни материи;

в) биолошки штетности (изложеност на инфективни агенси, микроорганизми, алергени, работа со животни);

г) штетности кои настануваат со користење на опасни материи во производството, транспортот, ракувањето, пакувањето, складирањето или уништување и

д) други штетности кои се јавуваат во текот на работниот процес, а кои може да бидат причина за повреда на работа, професионалното заболување или болест во врска со работа.

5. Штетности кои произлегуваат од психички и психофизиолошки напори, кои се врзуваат за работното место и работите кои вработените ги обавуваат, како што се:

- напори или телесни напрегања (рачно пренесување товар, туркање или влечење товар,различни долготрајни зголемени телесни активности и слично);
- нефизиолошка положба на телото (долготрајно стоење, седење, клечење и слично);

- неповолни ергономски фактори;
- напрегања при обавување на одредени работи кои предизвикуваат психолошки оптоварувања (стрес, монотонија и слично) и
- одговорност во прием и пренос на информации, користење на соодветни знаења и способности, одговорност во правилата на однесувањето, брзи измени на работите процедури, интензитет на работа, просторна условеност на работното место, конфликтни ситуации, работа со странки, работа со пари,недоволна мотивација за работа, одговорност во раководење, потреба за донесување на одлуки и слично).

6. Штетности поврзани со организацијата на работата, како што се:
- работа подолга од полното работно време-прекувремена работа, работа во смени, ноќна работа и готовност во случај на интервенции.

7. Останати штетности кои се јавуваат на работни места, како што се:
- штетности кои предизвикуваат други лица (насилство на работа при работа на шалтер, работа на обезбедување, работа на ревизори, инспекции, полиција, здравствени работници и слично).

Член 9

Проценката на ризикот се заснова на анализа на веројатност на настанувањето и тежината на можната повреда на работа, оштетување на здравјето или болеста на вработениот во врска со работата на работното место и во работната средина.

Проценка на ризик се врши со избор и примена на методи за препознавање и утврдување на опасностите и штетностите во работната средина на секое работно место.

Проценка на ризик се врши за секоја препозната, односно утврдена опасност или штетност, со споредување со дозволените вредности согласно со прописите од областа на безбедност и здравје при работа, техничките прописи, стандарди и препораки.

При проценка на ризик за секоја препознаена, односно утврдена опасност или штетност, на работното место и во работната средина, потребно е посебно внимание да се посвети на можното оштетување на здравјето на вулнерабилните групи работници (жени, млади работници, стари работници) и на работници кои работат на работни места со зголемен ризик или имаат посебни потреби (работници со хендикеп, работници со постоечки заболувања и слично).

Веројатност за настанување на повреда при работа, оштетување на здравјето или болеста на вработениот во врска со работата, предизвикани со опасности и штетности на работното место и во работната средина, се проценува врз основа на претходна анализа која ги зема во предвид зачестеноста и траењето на изложеноста на вработените, можноста да дојде до опасниот настан и технички или други можности за нивно избегнување односно ограничување.

Тежината на можната повреда на работа, оштетување на здравјето или болеста на вработениот во врска со работата, се проценува врз основа на претходна анализа која го зема во предвид видот на можната повреда (лесна, тешка, смртна).

Член 10

По изготвената проценка на ризикот во однос на опасностите и штетностите, од страна на работодавачот се изготвува изјава за безбедност.

Член 11

Изјавата за безбедност со проценка на ризик на работното место и работната средина, потребно е да се измени и дополни во случај:
- на фатални повреди на работа со смртни последици и тешки повреди на работа;
- кога постојните мерки за отстранување, намалување или спречување на ризикот не се доволни, односно не одговараат на проценетата состојба;
- кога проценката на ризикот е темелена на податоци кои не се веќе ажурни и
- кога постојат можности и начини за унапредување, односно дополнување на проценката на ризикот.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на изготвување на изјава на безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценaта на ризикот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/09).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.12-4522/1
27 август 2025 година
Скопје

Министер
за здравство,
**Азир Алиу**, с.р.

Бр. 17-10188/3
13 ноември 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд,

**Бесар Дурмиши**, с.р.